Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 578 www.mchamber.mk 20.12.2024

## Партнерството меѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации – клуч за успешна борба против корупцијата



*Среќни Новогодишни и Божиќни празници*

*2025*



## Управниот одбор на КИФ во Скопје ги утврди приоритетите за 2025 година

## Преку заедничка соработка на јавниот и приватниот сектор до поголем извоз и раст на економијата





## СРЕДБА АЗЕСКИ-МАСУТИС- Продлабочување на соработката меѓу Северна Македонија и Грција предуслов и за регионален напредок и постигнување подобри економски резултати

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители



Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk
https://www.twitter.com/Chamber_MK
https://www.youtube.com/user/MKChamber
https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# Партнерството меѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации – клуч за успешна борба против корупцијата

По повод 9-ти декември, светскиот ден за борба против корупцијата, Стопанската комора на Северна Македонија и Транспаренси Интернешнл – Македонија организираа настан на тема „Партнерството помеѓу бизнис секторот, институциите и граѓанските организации во борбата против корупцијата“.

На настанот учествуваа претставници од различни сектори, кои истакнаа дека зајакнатото партнерство помеѓу бизнис-секторот, институциите и граѓанските организации е неопходно за ефективна борба против корупцијата. Овие три столба можат да создадат синергија која ќе го трансформира општеството и ќе обезбеди праведна и транспарентна деловна средина.

Настанот го отвори претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, кој потенцираше дека борбата против корупцијата е врвен приоритет на комората, а бизнисот сака да се бори против корупцијата зошто е една од нејзините жртви.

„Имаме намера да се интензивира борбата против корупцијата и ќе соработуваме со институциите на сите нивоа. Упорноста е единствен лек во борбата против корупцијата и секогаш треба да се изнесува вистината. Од декларативна борбата против корупцијата треба да прерасне во конкретна. Очекувам во декември 2025 година, кога ќе го одбележуваме 9 Декември – Денот на борбата против корупцијата да зборуваме за конкретни активности кои сме ги спровеле“, рече Азески.

На настанот свои согледувања за корупциските практики и борбата против корупцијата искажаа и Благоја Пандовски, претседател на Транспаренси Интернешнл- Македонија, Сашо Јаковчевски, помошник на главниот државен ревизор на ДЗР, кој зборуваше за слабите точки на делување на институциите детектирани во извештаите на ДЗР кои наштетуваат врз работата на бизнис секторот. Сервет Демири, член на Државната комисија за спречување на корупцијата, кој се осврна на темата „Детектирани ризици од корупција- Поддржување на транспарентноста и интегритетот во приватниот сектор“, додека министерот за дигитална трансформација, Стефан Андоновски, зборуваше за дигитализација на јавните услуги како алатка за намалување на корупцијата.

На последниот Индекс за перцепција на корупцијата, Северна Македонија беше оценета со 42 поени, со што се најде на 76-то место. Иако рангирањето покажува мало подобрување, сепак е јасно дека се потребни дополнителни напори за суштински напредок.

# Управниот одбор на КИФ во Скопје ги утврди приоритетите за 2025 година

Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум (КИФ) одржа седница во Скопје, на која беа разгледани и утврдени приоритетите за 2025 година. Главните теми на состанокот се однесуваа на новиот Акциски план за Заеднички регионален пазар и мерките за подобрување на економската соработка меѓу земјите од Западен Балкан.

Пред седницата, беше одржана прес-конференција на која се обратија Лулзим Рафуна, претседател на Коморскиот инвестициски форум и претседател на Стопанската комора на Косово, Бранко Азески, ко-претседател на Коморскиот инвестициски форум и претседател на Стопанската комора на Северна Македонија и Ахмет Егрлиќ, претседател на Надворешнотрговската комора на Босна и Херцеговина и член на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум.

На прес-конференцијата беше истакнато дека активностите на КИФ ќе се фокусираат на примената на Акцискиот план, кој има за цел да го подобри деловниот амбиент, да ја зголеми конкурентноста на компаниите и да овозможи пристап до нови пазари.

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, нагласи дека регионот мора да се подготви за глобалните економски промени.

„Бараме стабилност и висока одговорност за состојбата во која се наоѓаме. Претстои нагло заострување на економската состојба во Европа која е последица на некои







подолги процеси на кои ние не можеме да влијаеме. Бизнисот е пред неизвесност, а последици сигурно ќе има, посебно ако се земе предвид ситуацијата во Германија која е наш најголем трговски партнер. Ние правиме сè за да ги убедиме структурите дома и во регионот, дека економиите на Западен Балкан мора да ја зголемат меѓусебната соработка зашто се мали. Треба да се обединиме и да им порачаме на политичките лидери смело да се влезе во инвестиција која ќе овозможи некаков напредок", изјави претседателот на Стопанската комора Бранко Азески.

Претседателот на КИФ, Лулзим Рафуна, најави дека за 2025 година е подготвен нов план за укинување на административните бариери, промоција на регионот како деловно пријателска зона и поддршка на компаниите за излез на нови пазари.

„Во 2025 година влегуваме со нов план. Ќе се фокусираме на укинување на сите административни бариери, на што поголема промоција на Западен Балкан како пријателски настроено деловно опкружување, на обезбедување помош за нашите компании да излезат на пазарот, но и на изнаоѓање нови пазари, надвор од ЕУ, зависно од барањата на бизнисот", изјави Рафуна.

Претседателот на Надворешнотрговската комора на Босна и Херцеговина и член на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум, Ахмет Егрлиќ пред новинарите изјави дека во интерес на Босна и Херцеговина е Западен Балкан да се интегрира.

„Економиите од овие земји да немаат никакви бариери. Сакам да истакнам дека стопанството во БиХ е во најголем дел ориентирано кон ЕУ и таму имаме најголема стопанска размена. Над 71% од нашиот извоз оди во ЕУ. Што се однесува до земјите од ЗБ најголема размена имаме со Србија. Одличната соработка со Коморите од земјите на Западен Балкан треба да повлече подобра размена", рече Егрлиќ.

# Преку заедничка соработка на јавниот и приватниот сектор до поголем извоз и раст на економијата




Клубот на извозници, Националниот совет за извоз и Институтот за извоз ќе претставуваат столб на Комората во наредните 10 години. Од Владата бараме и се усогласуваме да ја ставиме политиката на страна од економијата и да се занимаваме со економските прашања кои треба да и донесат напредок на земјата и раст на БДП од над 3 отсто, порача претседателот на Стопанската комора и на Националниот совет за извоз, Бранко Азески на денешната седница на Клубот на извозници при Стопанската комора.

На седницата, на која беа присутни и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски и директорот на Царинската управа (ЦУ), Бобан Николовски, се зборуваше за активностите на Царинската управа за олеснување на трговските процедури, мерките за поддршка на конкурентноста и промоцијата на извозот на компании од земјоделско-прехранбениот сектор, како и за стратегијата за поддршка на извозните компании за периодот од 2024 до 2028 година.

Министерот Трипуновски истакна дека се поразителни бројките колку како држава трошиме за увоз на храна и дека од година во година се полоши и полоши. Интенција на Министерството е, додаде, да се зголеми производството, да бидеме отворени и транспарентни и со олеснета бирократија која може да биде и



фрустрирачка во некој дел. Затоа, посочи, ќе работиме на делот на дигитализација за олеснување на бирократските процедури.

-Сепак за првите 10 месеци од годинава има одредени сегменти каде бележиме раст како држава и во делот на извозот на храна има зголемување за 11 проценти, кај пијалаците за 4,5, а во делот на тутунот и тутунските производи за 15 проценти. Во вкупна бројка за 10 месеци имаме извоз од околу 670 милиони евра, рече Трипуновски.

Тоа, како што кажа, е добар сигнал и почнуваат да се гледаат показателите дека Владата добро работи во овие шест месеци.

Земјоделско-прехранбениот сектор е значајна извозна гранка со огромен извозен потенцијал и преку заедничка соработка на приватниот и јавниот сектор треба да работиме во насока на искористување на тој потенцијал, истакна проф. д-р Дарко Лазаров, претседател на Клубот на извозници. Тој посочи дека извозната промоција со цел поголема видливост и препознатливост на нашите компании и производи на странските пазари е клучна за успех и тука Клубот на извозници заедно со надлежните државни институции ќе работи во наредниот период.

-Континуираниот дијалог и соработка на ЦУ со бизнис заедницата е основа за исполнување за нашите стратешки приоритети – зајакната економска конкурентност и економска трансформација на државата и борба со корупцијата и криминалот. Во овие насоки спроведени се конкретни мерки кои ќе придонесат за градење на демократска и конкурентна држава, нагласи Николовски.

Се работи, додаде, и на понатамошна дигитализација на царинското работење и усогласување со системите во ЕУ.



## СРЕДБА АЗЕСКИ-МАСУТИС-Продлабочување на соработката меѓу Северна Македонија и Грција предуслов и за регионален напредок и постигнување подобри економски резултати



Синоќа во Солун беше остварена средба меѓу претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески и претседателот на Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Јоанис Масутис. На средбата се апострофираа неколку клучни точки кои се приоритети во соработката меѓу двете земји, а кои се однесуваат пред сè на продлабочување на соработката преку подобра инфраструктура и пофункционално вмрежување на компаниите од двете земји. Беше подвлечено и дека Солунското пристаниште е точка на спојување на бизнисите и Грција сноси огромна одговорност за негово нормално функционирање.

На состанокот со Масутис, освен за продлабочување на соработката меѓу Грција и Северна Македонија, претседателот Азески разговараше и за актуелните прашања од економското опкружување на земјите од Балканот вклучувајќи ги и перспективите на балканските земји за приклучување кон Европската Унија, како и прашањето за трговската и економската интеграција на земјите од регионот.

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески е претседател и домаќин на Асоцијацијата на балканските комори (АБК) за тековнава година. Во таа насока на почетокот од 2025 година во Скопје ќе се одржи работна средба на АБК на која ќе се разговара за развојот на инфраструктурата на Балканот во функција на развој на бизнисот, особено за железницата која е рак рана на транспортот како важна алатка во нашето работење. Во овој контекст претседателите на двете комори на средбата во Солун ги акцентираа главните прашања кои ќе бидат предмет на дискусија и на преземање конкретни чекори на состанокот на АБК кој ќе се одржи набргу во Скопје.

АБК-Асоцијацијата на балканските комори е здружение на 11-те стопански комори од Балканскиот Регион кое годинава одбележува 30 години од своето постоење. Целта на Асоцијацијата е создавање интеграција и развој на стопанската соработка во регионот.

Членки на АБК, покрај Стопанската комора на Северна Македонија се и Стопанската комора на Албанија, Стопанската комора на Бугарија, Надворешно-трговската комора на БиХ, Стопанската комора на Црна Гора, Унијата на трговско-индустриските комори на Грција, Стопанската комора на Кипар, Стопанската комора на Романија, Стопанската комора на Србија, Унијата на коморите и стоковите берзи на Турција и Стопанската комора на Косово.

** Вкупната трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција за периодот јануари-октомври 2024 годинаизнесува 1,15 милијарда САД $, со пад од 7,3% во однос на истиот период од 2023 година.Притоа за овој период, остварен е извоз во вредност од 251 милиони САД $, со пад од 10.4%, додека, пак, увозот изнесува 896,3 милиони САД $, со пад од 6,3% споредено со истиот период од 2023 година.Во вкупната надворешно-трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција за периодот јануари-октомври 2024 годинаостварен е трговски дефицит од 645 милиони САД $.*

** Вкупната трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција пак за 2023 година изнесува 1,46 милијарди САД $, со пад од 17.7 % во однос на 2022 година. (најмногу поради падот на цените на енергенсите).Притоа за 2023 година остварен е извоз во вредност од 331,2 милиони САД $, со пад од 3,3 %, во споредба со 2022 годинадодека, пак, увозот изнесува 1,13 милијарди САД $, исто така, со пад од 21,1 % споредено со 2022 година. Во вкупната надворешно-трговска размена на Република Северна Македонија со Република Грција за 2023 годинаостварен е трговски дефицит од 797 милиони САД $.*

*Република Грција ѝ е трет трговски партнер на Република Северна Македонија за 2023 година а за 10 години заклучно со 2023 година вкупните инвестиции од Грција во Северна Македонија изнесуваат 445 милиони евра, што значи дека Грција е еден од нашите најголеми инвеститори и трговски партнери.*

# Практична настава во високото образование и улогата на бизнис заедницата во процесот



На иницијатива на Стопанската комора се одржа дебата на тема: „Придобивки од воведувањето на практичната настава во високото образование и улогата на бизнис заедницата во процесот“ на која присуствува претставници на компании, членки на Комората и  декани со дел од наставниот кадар на повеќе факултети при УКИМ, за потребата од иницирање на практична настава во високото образование во нашата држава, со вклучување на компаниите за подобрување и обезбедување на квалитетот во текот на наставниот процес.

Воведни обраќања имаа претседателот на Комората Бранко Азески, Н.Е. Вероник Хулман, амбасадор, Амбасада на Швајцарија и д-р Биљана Ангелова, Ректор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Од сега, па во наредните 10 години ја гледам Комората како иницијатор на промените кои ќе се случуваат во високото образование, бидејќи образованието е темел на државата. Потребни се суштински промени во високото образование, а пример за тоа се ефектите што ги постигнавме сите заедно со реформите во средното стручно образование, изјави претседателот Азески пред присутните. Многу е важно, посочи Азески да имаме континуираност во образовните реформи, бидејќи само со континуитет може да се постигнат ефекти. Искуството покажа дека за 30 години самостојност на државата имаме сменето 29 министри за образование што говори за перцепцијата на државата во изминатиот период кон образованието. Истакна дека компаниите и бизнис секторот во целост е подготвен да се вклучи и да го даде својот придонес за креирање висококвалификуван кадар согласно потребите на пазарот.

„Тука сум денеска поради силната порака што веќе ја пренесе претседателот – соработката меѓу приватниот сектор и образовниот систем е клучна за економскиот раст, за иновативноста и за сите нас. А ваквата соработка меѓу приватниот сектор и образовниот систем, и на ниво на средно образование, но и кај високото образовани е клучен фактор за успехот на швајцарскиот иновативен капацитет и за способноста да се одржи растот во Швајцарија. Во Швајцарија, универзитетите тесно соработуваат со приватниот сектор, а приватниот сектор има луѓе во универзитетите што дозволува да се создадат вештините, квалификациите и компетенциите кои му се потребни. Всушност, иновациите се тие што ја носат Швајцарија напред, ова е мошне важно и тука мислам дека универзитетите играат клучна улога“, изјави амбасадорката на Швајцарија во РСМ, Н.Е. Вероник Хулман. Учеството на Швајцарија во образовниот систем на државата е значајно затоа што дава директна и отворена поддршка на реформите во образовниот систем во целост, вклучително и на реализацијата на дуалниот модел на образование во нашата земја.

Д-р Биљана Ангелова, Ректор на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, потенцираше дека создавање на човечки капитал за потребите на пазарот на трудот е една од стратешките цели на УКИМ, но тоа мора да се обезбеди преку врските на академијата и стопанството. „Триаголникот, бизнис сектор – образование – држава често се дискутира но слабо се применува и мора да се почне со создавање кадар кој има применливи знаења, искуство, практични вештини, кои ќе се градат директно преку бизнис секторот и ќе овозможат вработливост на младите“, изјави ректорот на УКИМ д-р Ангелова.

Дебатата организирана во просториите на Комората ги поттикна претставаниците на компаниите и професорите да дадат свои видувања за актуелниот процес. Од аспект на бизнисот д-р Анита Блажевска, од Филип Морис посочи дека високото образование не ги следи со исто темо промените на бизнисот, а директорката на Макстил Марија Дуковска Павловска забележа дека треба да има холистички пристап во креирање на студиските програми кои треба да бидат прилагодени со потребите на компаниите, со вклучени трансферзални вештини ако сакаме да ги задржиме младите во државата, а компаниите да имаат стручен висококвалификуван кадар.

**На дебата се донесоа следните заклучоци:**

- Заеднички да се дизајнираат стандарди на квалификации и студиски програми и да се испорачаат квалификации преку усогласување на потребите на бизнис секторот за вештини и компетенции;

- Воспоставување добро осмислена и функционално поставена институционална структура.

- Системско уредување на практичната настава во високото образование преку измена и дополнување на

1. Законот за високото образование:

- прецизирање на практичната настава во текот на академската година;
- прецизирање на улогата на менторите за реализација на практичната настава (од факултетите и од компаниите/организациите/фирмите);
- обука за ментори и сертифицирање за менторите.

2. Нов Правилник за начинот и условите за организирање на практична.

Дебатата беше основ и за дискусија од страна на професорите присутни на настанот, кои едногласно искажуваат поддршка на процесот на прилагодување на високото образование на потребите на бизнисот, бидејќи само така можеме заеднички да планираме економски раст и развој на економијата.

# Дуалниот модел на образование можност за зголемување на вработеноста на завршените средношколци




„Проектот за дуално образование има практична вредност и ги дава првите резултати во добивањето практични вештини кај учениците и нивно вработување во компаниите каде што ја реализираат практичната обука. Со дуалното образование децата веднаш по завршувањето на средното образование наоѓаат работа. На воведувањето ваков концепт заради обезбедување квалификуван кадар како комора работиме 13 години, а денес веќе можеме да зборуваме за резултатите од него. Се скрши големата бариера која постоеше во семејствата, а тоа е да се прати детето во некое средно стручно училиште. Се срушија табуата меѓу учениците за упис во средните стручни училишта, а сè поголем е бројот на средношколци кои посетуваат дуално образование, па така денес имаме 70 % запишани ученици во стручното, а само 30 % во гимназиското образование. Во последните пет години од 11 компании кои активно беа вклучени дојдовме до бројка од 560 компании во Македонија. Тоа кажува дека проектот има широк одѕив“, истакна извршниот директор на Стопанската комора Антони Пешев на настанот што го организираше Стопанската комора во соработка со проектот „Образование за вработување (Е4Е)“.

Настанот се реализираше во компанијата „Ронтис“ во Велес, каде што учениците од секторот машинство (квалификација техничар за производствено машинство) од РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес ги реализираат практичната обука и учењето преку работа, што претставува успешна приказна за тесната соработка на бизнис-заедницата и стручните училишта, како и на триаголникот ментор во компанија–ученик–наставник по практична настава, што е основа за квалитетна реализација на практична обука на реално работно место.



# Дигитализација и стратешки пристап, фокус на Центарот за микро мали и средни претпријатија



Веб платформа со мобилна апликација прилагодена за ИОС уреди (App Store) и за АНДРОИД уреди (Play Store), подготвува Центарот за микро, мали и средни претпријатија при Стопанската комора со цел сите засегнати и заинтересирани деловни субјекти кои немаат можност со физичко присуство да бидат активни во работата на Комората тоа да го користат преку дигиталните решенија, истакна претседателката на Центарот за ММСП Габриела Кулебанова на состанокот кој беше организиран во Комората со членките. Повеќе детали за платформата ќе има по нејзиното целосно ставање во функција, посочи Кулебанова.

Присутните на состанокот беа информирани и дека претседателката на Центарот за ММСП учествува во работната група за изработка на новата Стратегија за овие деловни субјекти, која е во завршна фаза со акцент дека улогата на Центарот ќе биде значајна при креирање на делови од акциониот план кој треба да се работи на почетокот на следната 2025 година.

На состанокот покрај овие активности точка на дневен ред беше и информирање на Централниот регистар за пакет услугите кои ги имаат кон бизнисот. При тоа на состанокот беа присутни и претставници од Централниот регистар на РСМ, со директорката д-р Анита Стамнова со цел презентирање на алатките и можностите што ги нудат како пакет услуги за потребите на компаниите. Во таа насока беа презентирани:

- Начинот на користење информации за правните субјекти, Регуларни и Професионални корисници, нови производи, следење на промени, можност за нотификации при настаната промена кај правни субјекти од страна на Ирена Лазарова, раководител на одделение за маркетинг и односи со јавност, Централен регистар на РСМ и
- Новата национална класификација на дејности за правните субјекти, веб сервиси презентирана од страна на Станко Коруноски, раководител на Сектор за водење регистри, Централен регистар на РСМ;


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
102
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088